| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Add: Bulevar “Koco Racin” 75<br>Skopje, Republic of Macedonia<br>Tel/fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Адреса: Бул. “ Кочо Рацин“ 75<br>Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk |
|---|---|---|

Согласно Правилникот за спортско-риболовни судии и Одлуката на Управниот одбор на МРФ за формирање на комисја за полагање испит, комисијата објавува

# П Р О Г Р А М А
## за полагање на испит за спортско-риболовни судии

1. Полагањето испит за спортско-риболовни судии ќе се спроведе во дисциплините **„Пливка“** и **„Крап“,** во двата ранга: **III ранг - основен судија** и **II ранг - државен судија**, за секоја дисциплина посебно.

***2. Спроведување на испитот***

2.1. Теоретскиот дел се врши писмено, со заокружување и доплолнување на одговори на поставените прашања и понудените одговори и решавање на задача со пресметување на резултати за одреден натпревар. Тежината на задачата ќе биде според рангот за кој се полага.

2.2. За пресметување на конечните резултати од теоретскиот дел, прашањата учествуваат со 50 бода и задачата со 50 бода. Теоретскиот дел ќе се смета за **положен** доколку кандидатот освои минимум 80 бода, со тоа што задачата задолжително мора да биде правилно решена.

2.3. Практичниот дел е задолжителен дел од испитот и може да се изведува на сите натпревари во организација на МРФ или РЗК каде што има делегирани државни судии од страна на судиската комисија на МРФ. Кандидатот ги извршува сите задачи и обврски во својство на судија за делегираното место. Судијата кој е надлежен да ја следи работата, го контролира и недозволува да се направат повреди на правилата при судењето. Истиот составува писмен извештај за работата на кандидатиот и во рок од 3 дена го доставува до комисијата за полагање на судискиот испит (во електронска форма).
**Оценката на испитот е „положил“ или „не положил“.**

2.4. Распоредот за полагање на практичниот дел на испитот го прави комисијата за полагање на судискиот испит.

***3. Критериуми и право на полагање на судиски испит***

3.1. **Со статус на спортско-риболовен судија** може да се стекне секој спортски риболовец, кој има навршено 18 години, е член на организација на спортски риболовци (РЗК) која има решение за дејност „спорт“ и е зачленета во МРФ.

3.2. **За статус на основен судија,** право да се пријават и полагаат имаат сите спортски риболовци во двете дисцилини („Пливка“ и „Крап“) доколку ја уплатат пропишаната такса.

3.3. **За статус на државен судија,** право да се пријават и полагаат имаат спортско-риболовни судии кои имаат стаж од најмалку три години како основен судија, спроведено најмалку два клубски натпревари во својство на главен судија или секретар на натпреварот во дисциплината за која се пријавува да полага и ја уплатат пропишаната такса (со пријавата да достават доказ дека биле ангажирани како судија или секретар).

***4. Литература за полагање на испитот и тестот:***

1. Правилник за организирање натпревари во спортски риболов во Р. Македонија,
2. Правилник за спортско-риболовни судии,
3. Правилник за регистрација на спортски клубови и спортски риболовци во Р.Македонија и
4. Правила за натпревари во дисциплината „Пливка“
5. Правила за натпревари во дисциплината „Крап“

Горе наведената литература е објавена на веб страницата на Македонската Риболовна Федерација (www.mrf1952.mk), во папката **„документи“ – „правилници“ - „правилници за натпревари“.**

***5. Висина на надомест за полагање на испит за спортско-риболовен судија***

5.1 Висините на надоместоците за полагање испит за судија изнесуваат:

- За (III ранг) основен судија = 1000,оо ден.
- За (II ранг) државен судија = 2000,оо ден.

5.2 Покрај горе наведеното, сите кандидати мора да бидат регистрирани спортски риболовци за тековната година и да ја платат членарината за спортска легитимација, која за сениори изнесува 400,оо ден.

5.3 Уплатата на паричните средства се врши на сметката на МРФ, најдоцна до **08.03.2022 година,** на жиро сметка:

**МРФ - Скопје**

**300-0000001910-29, Комерцијална банка**

***6. Термини за полагање на судиските испити***

6.1. Полагањето на теоретски испит за дисциплината „Пливка“ ќе се одржи на ден **12.03.2022 год.** со почеток во **10,оо часот,** во просториите на МРФ.

6.2. Полагањето на теоретски испит за дисциплината „Крап“ ќе се одржи на ден **12.03.2022 год.** со почеток во **12,оо часот,** во просториите на МРФ.

6.3. Сите кандидати кои ќе полагаат испит за судија и го положат теоретскиот дел, благовремено ќе бидат известени за местото и датумот за полагање на практичниот дел.

***7. Пријавување***

7.1. Пријавувањето за полагање на испит се врши писмено, најдоцна до среда **09.03.2022 година.** Пријавата може да се изврши преку пошта на адреса: Македонска риболовна федерација, Бул. Кочо Рацин бр. 75, 1000 Скопје, преку факс на телефон бр. 02-3164-539 и преку електронска пошта на адреса: contact@mrf1952.mk.
Пријавите преку пошта да пристигнат најдоцна до горе назначениот датум.

За поблиски информации обратете се на тел. 02-3164-539 на МРФ, секој работен ден од 7,00 -15,00 часот.

**Датум**
20.02.2022 год.

**Комисија за полагање испит за судии**
**Претседател**
**Лазар Лазаревски с.р.**